ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-105/6**

**Дата: 25.02.203**

ДО

УНИВЕРЗИТЕТ ”СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на „Факултетот за музичка уметност“ – Скопје (во понатамошниот текст ФМУ) на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година, а за резултатот од финансиските активности за 2011 година изрази позитивно мислење. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финасиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази мислење со резерва.

Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на искажаната позиција побарувања од купувачи по основ нефактуриран износ за потрошена електрична енергија. Не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со попис со сметководствената и не е обезбедено почитување на начелото на парично искажување при евидентирање на приходите и расходите во финаниските извештаи.

Ревизијата укажа на потребата, одговорните лица на субјектите кои го користат заедничкиот простор на објектот, да превземат активности заради регулирање на начинот на плаќање на потрошена електрична енергија, да обезбедат целосно усогласување на фактичката со сметководствената состојба утврдена со пописот како и целосно почитување на начелото на парично искажување на приходите и расходите при евидентирањето на промените во финансиските извештаи.

Констатиравме дека, заради специфичноста на дејноста што наметнува индивидуална настава со секој студент одделно, наставниците, во просек, остваруваат повеќе часа неделно над нормираниот фонд од 8 часа, согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност од 2010 година. Оваа состојба укажува на недостаток од редовно вработени наставници за изведување индивидуална настава, особено кај седум студиски програми на кои фондот на неделни часови по наставник над нормираниот изнесува и до 15 часа. Причината за нередовно вработени наставници е резултат на недоволно обезбедени согласности за вработувања од надлежните институции.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Факултетот за музичка уметност - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2011 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Факултетот за музичка уметност - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска – декан од 15.09.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Факултетот за музичка уметност - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.10.2012 година до 28.12.2012 година.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.12.2012 година.

Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 21.01.2013 година. Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизијата го утврди следното:

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Согласно Правилникот за утврдување и исплата на плати, надоместоци на плати и други надоместоци бр. 384/1 од 26.06.2003 година, платата на вработените на ФМУ е искажана во бодови за секое работно место и во зависност од утврдената вредност на бодот се врши пресметка на платите која се однесува на активностите за додипломски студии.

Од увидот во платните списоци за 2011 година, констатиравме дека платите се пресметувани врз основа на бодови кои се разликуваат од бодовите по работни места утврдени во Правилникот. Ваквата пресметка првпат е извршена во 2003 година кога е донесена Одлука за зголемување на висина на плати за 5% по претходно добиено известување од надлежни институции за

одобрување на плати за делот од сопствените средства. Средствата наместо да бидат распределени преку утврдување на парична вредност на бодот, која согласно член 5 од Правилникот на месечна основа требало да ја утврдува деканатската управа, истите биле распределени преку бодови што имало за ефект различно процентуално зголемување на платите кај вработените, односно нерамномерна распределба на средствата на вработените за делот од сопствените приходи. Состојбата е надмината во 2012 година, кога согласно Одлука за утврдување на плати и надоместоци на вработените на ФМУ, донесена согласно Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ е извршена корекција на бодовите, односно правилна пресметка на платата.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на искажаната позиција побарувања од купувачи во вкупен износ од 132 илјади денари по основ на ненаплатена електрична енергија од два правни субјекти - корисници на објектот. Сметките за потрошена електрична енергија ги плаќаат ФМУ и средното музичко училиште во одреден сразмерен однос согласно состојбата на заедничкото броило утврдена од страна на ЕВН. ФМУ врши пресметка и фактурирање на потрошената електрична енергија на другите два правни субјекти со кои не е извршено разграничување на посебни броила по корисник, ниту пак е склучен договор за утврдување на меѓусебните права и обврски. И покрај тоа што до 2011 година е вршено фактурирање на потрошената електрична енергија за овие корисници, не е остварена наплата и се прекинало со ваквата пракса. Нерегулираните меѓусебни права и обврски не се во согласност со Законот за облигациони односи и имаат за ефект плаќање на расходи направени за други субјекти. До моментот на завршување на ревизијата оваа состојба не е надмината.

**Препорака**
Одговорните лица на сите корисници на објектот, да превземат активности за регулирање на начинот на плаќање на потрошената електрична енергија .

3.2.2. При евидентирање на приходите и расходите во финансиските извештаи не е запазено начелото на парично искажување како резултат на несоодветно спроведени книжења, што не е во согласнот со член 18 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници што има за ефект неусогласена состојба на вишокот на приходи на крајот на годината со состојбата на паричните средства на ден 31.12.2011 година, како и материјалните средства со изворите на капитални средства.

**Препорака**

Одговорното лице во одделението за сметководство да ги утврди причините за наведените неусогласувања и да спроведе корективни книжења.

3.2.3. По извршениот попис од страна на пописната комисија во пописните листи не е внесена сметководствената вредност и не се утврдени материјални разлики на средствата утврдени со физичкиот попис и сметководствената евиденција на ден 31 декември 2011 година, што не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Пописната комисија по извршениот попис да врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметковоствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 3.2 а кои се однесуваат на: нецелосно сметководствено евидентирање на побарувања од купувачи, неизвршен правилен попис на состојбите на постојаните средства и не утврдени материјални разлики, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 3.2. финансискиот извештај Биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Факултетот за музичка уметност - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (788), на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен наведеното во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на „Факултетот за музичка уметност“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности (788), се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Системски слабости

5.1. Специфичност која го детерминира карактерот на наставната дејност на ФМУ е постоењето на индивидуална настава, што подразбира потреба од поединечна интерактивна работа на наставникот со секој студент одделно со цел обезбедување квалитет на наставно - образовниот процес. Доколку наставата се одвива групно, се работи во мали групи, до 15 студенти на еден наставник, за да се нагласи комуникацијата помеѓу наставникот и студентите и за да се обезбеди активно учество на студентите на часовите.

Меѓутоа, изведувањето на индивидуалната настава на ФМУ, резултира со остварување поголем фонд на часови од предвидените 240 часа годишно за наставник на високообразовна установа, односно над 8 часа неделен фонд за настава, определен со Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност од 2010 година. Фондот на часови по студиски програми за секој наставник и распоредот на часовите, ФМУ, ги утврдува за секој семестар на првиот циклус студии со посебни одлуки. Од увидот во одлуките, констатиравме

дека, заради неопходноста од индивидуална настава, наставниците, во просек, остваруваат 6 и повеќе часа неделно над нормираниот фонд на часови определен со оваа Уредба. По овој основ, согласно Одлука за висината на надоместоци за изведена настава на додипломски студии, исплатени се авторски надоместоци во висина од 250-320 денари по час во зависност од наставно-научното звање на 34 наставници вработени на ФМУ, за одржани над 8 часа но не повеќе од 14 часа неделно во вкупен износ од 1.627 илјади денари. За 20 надворешни наставници вработени во други јавни установи, кои се избрани во наставно научно звање на ФМУ исплатени се 1.680 илјади денари за реализирани 56 часа месечно по наставник.

Имајќи предвид дека, согласно горенаведената Уредба, бројот на потребните наставници на високообразовната установа се определува во зависност од бројот на часовите по наставник во една студиска група, сметаме дека бројот на вработени наставници на ФМУ е недоволен, особено ако се има предвид дека бројот на запишани студенти на додипломски студии по студиски програми и години за студиската 2011/2012 година е 314. Потребата од редовно вработување на наставници, особено е изразена на седум студиски програми за кои е неопходно изведување индивидуална настава – пијано, виола, удирачки инструменти, саксофон, хорна, соло пеење, хармоника, гитара. Фондот на часови на овие програми по наставник за изведена индивидуална настава над нормираниот неделен фонд изнесува и до 15 часа, во услови кога наставата за 101 запишан студент ја изведуваат само 3 наставници вработени на ФМУ и 11 надворешни наставници. За надминување на овој проблем сметаме дека надлежните институции е потребно да обезбедат доволен број согласности за редовни вработувања.

5.2. Висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на ФМУ се согласно Усогласениот Ценовник донесен во 2004 година од Советот за финансирање и развој на високото образование кој функционирал од 2003 до 2006 година. Покрај услугите утврдени со овој ценовник, студентите плаќаат еднаш годишно по 2 илјади денари денари за користење и одржување на музичките инструменти, согласно одлука на Деканатската управа. По овој основ остварени се приходи од 628 илјади денари. Сметаме дека средствата за оваа намена ФМУ треба да ги планира и обезбеди во рамките на одобрените буџетските средства на ФМУ- УКИМ

Скопје, 21.02. 2013 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________________

2.________________

3.________________

| **БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година** | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2011** | | **2010** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 19.534 | | 20.273 |
| Трансфери и донации | 1.923 | | 453 |
| **Вкупно приходи** | **21.457** | | **20.726** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 1.633 | | 1.828 |
| Стоки и услуги | 11.995 | | 16.382 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13.628** | | **18.235** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 179 | | 561 |
| **Вкупно капитални расходи** | **179** | | **561** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | **13.807** | | **18.796** |
| | | | |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **7.650** | | **1.930** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 7.635 | 1.922 |
| Побарувања | 150 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 1.265 | 165 |
| **Вкупно тековни средства** | **9.050** | **2.087** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 2.895 | 3.258 |
| **Вкупно постојани средства** | **2.895** | **3.258** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **11.945** | **5.345** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.164 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 7 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 101 | 165 |
| Пасивни временски разграничувања | 7.793 | 1.923 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9.058** | **2.095** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 2.887 | 3.250 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2.887** | **3.250** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **11.945** | **5.345** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | 3.250 | - | 3.250 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1.643** | - | **1.643** |
| Набавки | 196 | - | **196** |
| Расходување | 83 | | **83** |
| Ревалоризација на капитални | 1.364 | | **1.364** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.006** | - | **2.006** |
| Отпис на капитални средства | 83 | | **83** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 1.157 | | **1.157** |
| Амортизација | 766 | | **766** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **2.887** | - | **2.887** |